Barclay
CROP PROTECTION

# Hurler® 200

**HURLER 200 е селективен системичен (транслокационен) хербицид, со брзо и долготрајно делување.Се користи за сузбивање на едногодишни и повеќегодишни отпорни широколисни плевели во житарици и пченка.**

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОПАСНОСТ

**H226 Запалива течност и пареа**
**H304 Може да предизвика смрт ако се проголта и ако дојде до дишните патишта**
**H315 Предизвикува иритација на кожата**
**H317 Може да предизвика алергиски реакции на кожата**
**H335 Може да предизвика иритација на респираторните органи**
**H412 Штетно за живиот свет во водата со долготрајни последици**



P102 Да се чува подалеку од дофат на деца
P210 Да се држи подалеку од извор на топлина/искри/отворен оган/жешки површини/ Забрането пушење.
P261 Да се избегнува вдишување на прашина/дим/гас/магла/пареа/спреј
P273 Да се одбегнува испуштање/ослободување во животната средина
P280 Да се носат заштитни ракавици/заштитна облека/заштитни очила/заштита на лице
P301+310 АКО СЕ ПРОГОЛТА: итно да се повика центарот за труење или лекар
P303+361+353 АКО ДОЈДЕ ВО ДОПИР СО КОЖА (или коса) : итно да се отстрани/симне целата контаминирана облека. да се измие кожата со вода/истуширајте се.
P370+378 Во случај на пожар: Да се користи гасење
P403+233 Да се чува во просторија со добра вентилација.
Амбалажата цврсто да се затвори
P501 - P501 Одложувањето на содржината/ амбалажата во/на овластени места за депонирање на опасен отпад во согласност со националната регулатива
EUH210 Безбедносниот лист достапен по барање
EUH401Придржувајте се до упатството за употреба за да се избегнат ризици по здравјето на луѓето и на животната средина
ПРОИЗВОДОТ за заштита на растенија смее да се продава само во специјализирани продавници за заштита на растенија





**Производител: Barclay Chemicals Manufacturing Ltd.,** Damastown Way, Damastown Industrial Park, Mulhuddart, Dublin 15, Ireland.
**Носител на регистрацијата:** Barclay Chemicals (R&D) Ltd. Copyright © Barclay Chemicals (R&D) Limited, 2016

*Број на решение од МЗШВ на РМ: 17-398 од 18,12,2015.*
*Концентрат за емулзија (EC)*
*Fluroxypyr 20% p/v (200 g/L)*
*IUPAS назив: 4-amino-3.5 -dichloro-6 - fluoro-2-pyridyloxyacetic acid*
*CAS бр.69377-81-7*

***Пред употреба задолжително прочитајте го приложеното упатство за употреба.***

***Шаржа и датум на производство: отпечатено на амбалажата; рок на важност 2 години:***

***ДА СЕ ЗАШТИТИ ОД МРАЗ.***

***НЕТ О ТЕЖИНА: 1 ЛИТАР***

Barclay Crop Protection

**КАРАКТЕРИСТИКИ:**
**HURLER 200** е селективен системичен (транслокационен) хербицид, со брзо и долготрајно делување. Се користи за сузбивање на едногодишни и повеќегодишни отпорни широколисни плевели во житарици и пченка. Се препорачува за сузбивање на: ***Galium* spp.** (лепавец); ***Polygonum* spp** (повивка); ***Stellaria media*** (обична ѕвезденка); ***Laminum purpureum*** (обична мртва коприва) во стрнишни жита и пченка и ***Urtica* spp.** (коприва), ***Rumex* spp.** (штавеј) и ***Stellaria media*** (обична ѕвезденка) во ливадски треви, односно треви од ***фам Poaceae***

**ДОЗВОЛЕНА ПРИМЕНА:** Во житни посеви, односно, во јачмен и пченица (на пролет и есен), овес, **'рж, тритикале, пченка, фуражна пченка и ливадски треви (на пролет).**

## ДОЗИРАЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА:

| Култури | Дозирање | Време на апликација |
|---|---|---|
| Јачмен<br>Пченица | 0.75 - 1 L/ha | трет лист (BBCH 13) до појава на листот заставичар (BBCH 37-39) |
| Тритикале<br>Овес<br>'Рж | 0.75 - 1 L/ha | трет лист (BBCH 13) до појава на листот заставичар (BBCH 37-39) |
| Пченка | 0.75 - 1 L/ha | помеѓу 3-5 листа (BBCH 13-15) |
| Фуражна пченка | 0.75 - 1 L/ha | помеѓу 3-5 листа (BBCH 13-15) |
| Ливадски треви | 1.5 - 2 L/ha | трет лист (BBCH 13) до појава на листот заставичар (BBCH 37-39) |

## ОГРАНИЧУВАЊА ПРИ УПОТРЕБАТА:

Се нанесува со рамномерно распрскување само еднаш за време на вегетацијата. Не треба да се нанесува во случај на поплава или екстремна суша, ниту ако листовите се влажни или во услови на многу дожд., како и кога има ветер. Да не се користи производот кај култури (ливадски треви) со подпосев (детелина или други мешункасти растенија), или кај култури наменети за производство на семе.

## ПРЕПОРАЧАНА КОЛИЧИНА НА РАСТВОР:

**Стрнишни жита и пченка:** 150-350 L/ha вода, за да се добие добра покриеност на плевелот. Поголемата количина на вода се користи во услови на понапредни фази на пораст на културата и плевелите

**Ливадски треви:** 200-400 L/ha вода,употребувајте минимум 300l/Ha кај добро утврдени пасишта, со цел да се постигне добра покриеност на целните плевели. Користете поголема количина н а вода за прскање кај густи плевели или кога плевелот е добро израснат.

**КАРЕНЦА**
**15** дена за сите култури

**ФИТОТОКСИЧНОСТ:**
Ако средството го употребувате во пропишана доза и на соодветен начин, нема штетни последици за наведени култури.

Barclay Crop Protection

**ПРЕПОРАКИ ВО СЛУЧАЈ НА ТРУЕЊЕ ИЛИ НЕЗГОДА**
**Прва помош:**
- Лицето се отстранува од загадената зона.
- Контаминираната облека веднаш да се соблече.
- Мијте ги очите со многу вода најмалку 15 минути, не заборавете да ги извадите контактните леќи ако ги носите.
- Измијте ја кожата со многу вода и сапун, без да се брише.
- НЕ земајте ништо преку уста.
- Во случај на голтање, НЕ предизвикувајте повраќање.
- Внимание: ризик од хемиска пневмонија при вдишување.
- Пациентот треба да мирува.
- Телесната температура треба да се контролира.
- Да се контролира дишењето. Ако треба, да се даде и вештачко дишење.
- Да се контролираат електролитите.
- Да се контролира крвниот притисок.
- Може да предизвика срцеви абнормалности.
- Ризик од  (хепарни) и бубрежни (ренални) нарушувања.
- Нарушувања на ЦНС.
- Ако лицето е во несвест, да се намести на страна со главата наведната надолу пониско од телото и колената свиткани.
- Затруениот да се пренесе во болница и секогаш кога е можно да се даде етикетата или пакувањето на одговорното медицинско лице.
- Да се примени симптоматска терапија.
- ЗАТРУЕНИОТ ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ ДА НЕ СЕ ОСТАВА САМ.

**ВО СЛУЧАЈ НА ТРУЕЊЕ ДА СЕ ПОВИКА НАЦИОНАЛНИОТ ИНСТИТУТ ЗА ТОКСИКОЛОГИЈА - ТЕЛ. 02-3147-635**

**МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИКОТ**

**Ризик по околината**
За да се заштитат водните организми, треба без забелешки да се почитуваат безбедносните мерки за оддалеченост од 5 метри од површинските води. За да се заштитат подземните води,за овој производ или било кој друг производ кој содржи флуроксипир не се препорачува употреба повеќе од еднаш во текот на вегетацијата

**Ризик при употреба**
Нанесувачот мора да носи соодветни ракавици за хемиска заштита во текот на мешањето/припремата, како и соодветна заштитна облека и обувки за време на мешањето/припремата и нанесувањето.
Да не се влегува на простори или меѓу култури во период од 24 часа по нанесувањето, во следните 24 часа мора да се користи соодветна облека и ракавици за хемиска заштита.
Целата заштитна облека да се измие после користењето.

**РАКУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕТО**
Убаво исплакнете го пакувањето три пати, или со притискање, по испразнување на пакувањето, водата префрлете ја во распрскувачот.
Пакувањето, по употребата, е опасен отпад заради што корисникот е должен да го предаде во центрите за собирање на отпад

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:**
Препораките и информациите кои се дадени се резултат на обемни и ригорозни студии и испитувања. Сепак, во текот на употребата може да влијаат различни фактори кои се надвор од наша контрола (подготовка на смесата, нанесување, клима, и сл.). Компанијата гарантира состав, формула и содржина. Корисникот е одговорен за настанатата штета (неефикасност, токсичност, отпад, итн.) заради целосно или делумно непридржување кон даденото упатство.

**СКЛАДИРАЊЕ:** затворено во оргинално пакување во сува и ладна просторија, предвидена за чување на препаратите за заштита на растенија.

**НЕТО ТЕЖИНА: 1 ЛИТАР**

Barclay Crop Protection